# КУЌЕН РЕД

**За движење и возење во округот на фирмата Neuss Trimodal GmbH, Tilsiter Straße 15, 41460 Neuss.**

| | |
|---|---|
| 1. Во основа, треба да се следат упатствата на вработените на терминалот.<br>За неовластените пристапот е строго забранет. | ! |
| 2. Во целиот круг на фирмата мора да се носи облека што ја подобрува видливоста. Во целиот предел за претовар додатно постои обврска за носење на шлем. |  |
| 3. Пред влегување во терминалот со возилото за доставување или подигање на товар неопходно е претходно пријавување во бирото Gate-In. Пристапот во терминалот пешки или со возило без одобрување е забрането.<br>Посетители или трети фирми пред да влезат терминалот пешки или со возило мораат да се пријават кај раководството на терминалот, како и да потпишат дека ги добиле напомените за безбедност. | !  |
| 4. Пристапот кон шините и стовариштата надвор од означените патеки за возење, качување врз товари или качување или протнување под железнички возила на просторот на терминалот е забрането. |  |
| 5. На целиот предел на фирмата важи Законот за патен сообраќај (StVO), како и најголемата дозволена брзина од 25 km/h. Во основа, брзината на возење треба секогаш да биде прилагодена на видливоста и условите на патот. При стоење и чекање моторот треба да се изгаси. |  |
| 6. На целиот предел на фирмата важи апсолутна забрана за претекнување. Исклучоци можат да бидат дозволени само од страна на персоналот на терминалот. Постојано треба да биде запазено одстојание од најмалку 5м до следното возило. Доколку е возможно не треба да се оди или вози под висечки товари. |  |
| 7. Машините за претовар, машините за транспорт на товарот како и шинските возила секогаш имаат предност.<br><br>Освен тоа треба да се запази најголемо можно растојание до машините за претовар. При приближување до машините за претовар секогаш треба да се внимава на тоа да се биде приметен од управувачот со машината. Освен тоа, треба да се внимава на „мртвиот агол“ (ограничување на видливиот простор).<br>При разминување со машина за претовар со размена на поглед со управувачот на машината треба да се потврди дека тој Ве приметил. Одењето/возењето покрај машината за претовар е дозволено дури откако управувачот на машината видливо го потврди тоа. |  |
| 8. Недозволеното паркирање и поправање на возила на просторот на фирмата е најстрого забрането. |  |
| 9. Припрема на утовар и истовар од страна на возачот на камионот:<br>• За време на утоварот – истоварот треба да се напушти возачката кабина и постојано да се има контакт со поглед со управувачот на машината.<br>• Исправното отворање/затварање, исправното поврзување на приколката од/со влекачот, посебно откачување/закачување на уредите за зацврстување вклучително нивниот осигурувач и нивна понатамошна припрема за возење по улиците (на пр. промена на потпирачите како и страничната и задната заштита на долниот дел) треба да биде направено од страна на подигачот на товарот во негова одговорност.<br>• Бравите треба да бидат отворени непосредно пред истоварот, односно да бидат затворени веднаш после внесувањето на товарот.<br>• Кај шлепери треба да бидат подигнати и обезбедени страничните и задните штитници на долниот дел и цревата за воздух да бидат откачени.<br>• При прием на товари од празни контејнери треба штекерите (осигурувачите на контејнерот) да бидат отстранети и предадени на управувачот со машината.<br>• Спремноста за маневрирање на товарот со кранот треба да му биде покажана на управувачот со машината со помош на од страна означениот знак со рака. | <br>Fertig! |

# КУЌЕН РЕД

| | |
|---|---|
| Доколку дојде до чекање, треба да се чека надвор од возачката кабина. Понатаму, притоа треба внимателно да се следат случувањата на терминалот во случај навреме да можат да бидат приметени  евентуално настанати опасни ситуации. | |
| 10. Просторот на фирмата е надгледуван со безбедносни камери. Видео материјалот се архивира 4 недели и може да биде употребен од страна на Neuss Trimodal GmbH во случај на пр. незгода, обезбедување од кражби, евентуално откривање на крадецот и секој друг повод . |  |
| 11. Пушење, оган и отворено светло како и консумирање на алкохолни пијалаци или droги е строго забрането на целиот простор на терминалот! |  |
| 12. Фотографирањето и снимањето е забрането на целиот простор на фирмата. Секое прекршување ќе биде законски гонето. |  |
| 13. Со влез на просторот на фирмата неограничено го прифаќате куќниот ред. | ! |

**Прекршувањата на овој куќен ред можат да бидат санкционирани со забрана за пристап.**